РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Скопје, март 2012 година

ВОВЕД

Со Законот за бесплатна правна помош во Република Македонија воспоставена е законска рамка со која се овозможува остварување на уставно загарантираното начело за еднаков пристап на граѓаните до правдата и до институциите на системот.

Законот за бесплатна правна помош е донесен во декември 2009 година ("Службен весник на Република Македонија"бр. 161/2009), а отпочна да се применува на 7 јули 2010 година.

Во декември 2011 година, Законот за бесплатна правна помош беше изменет (Службен весник на Република Македонија бр. 185/11) и со овие измени се прошири категоријата на лица корисници на правото на бесплатна правна помош и тоа за лицата-баратели на правото на азил.

Донесени се и 6 подзаконските акти кои произлегуваат од него и истите се објавени во ("Службен весник на Република Македонија" бр.65/2010) и на веб страната на Министерството за правда.

Согласно на член 35 од законот, Министерството за правда изготвува Годишен извештај во кој се содржани основните информации на кои се заснова правото на бесплатна правна помош и тоа: законската и институционата рамка, статистички податоци за бројот на поднесените барања, решени барања, правната работа за која се одобрени барањата, категориите на корисници кои го оствариле правото на бесплатна правна помош, давателите на бесплатна правна помош, обемот на средства исплатени за одобрена правна помош и обемот на вратени средства од наплатени трошоци во постапката за извршување, деновите на бесплатен правен совет и споредбени статистички показатели.

За периодот од отпочнување со примена на Законот за бесплатна правна помош од 07.07.2010 година,а заклучно со 24.03.2011 година беше поднесен Годишен извештај со состојба на горенаведените податоци за овој период.

Со поднесување на овој Годишен извештај преку увидот во содржината на податоците за периодот од 25.03.2011 година до 31.03.2012 година се укажува на посебното значење кое системот на правната помош го има во рамките на функционирањето на правниот систем во Република Македонија во решавање на егзистенционалните прашања на граѓаните, отстранувајќи ја дискриминацијата врз основа на нивната имотна состојба.

ЗАКОНСКА РАМКА

Со Законот за бесплатна правна помош се уредуваат правото на бесплатна правна помош, постапката во која се остварува, корисниците, условите и начинот на неговото остварување, давателите на бесплатна правна помош, органите надлежни за одлучување, заштитата на правото на бесплатна правна помош, финансирањето и надзорот над неговото спроведување, организирање на денови на бесплатен правен совет, бесплатна правна помош во прекугранични спорови, како и надзор над примената на одредбите од овој закон.

*Видови бесплатна правна помош*

Бесплатната правна помош се остварува како претходна правна помош и правна помош во управни и судски постапки.

Претходната правна помош опфаќа: иницијален правен совет за право на користење;општа правна информација; и правна помош во комплетирање на барањето.

Правната помош пред надлежен орган и организација опфаќа: застапување во сите степени во судски и управни постапки; и составување на писмена во судски и управни постапки

*Даватели на бесплатна правна помош*

Бесплатната правна помош се реализира од страна на Министерството за правда, адвокати и овластени здруженија на граѓани.

Претходната правна помош ја даваат 34-те подрачни одделенија на Министерството за правда и овластените здруженија на граѓани.

Правната помош во управните и судските постапки ја даваат овластените адвокати.

*Корисници на правото на бесплатна правна помош*

Правото на бесплатна правна помош може да го остварат државјаните на Република Македонија со постојано живеалиште во Република Македонија кои се:

- Корисници на социјална помош,
- Корисници на правото на инвалидски додаток, кои не остваруваат други приходи по основ на заработувачка или приходи од недвижности,
- Корисници на најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него и

• Семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток.

Покрај нив, право на бесплатна правна помош имаат и:

• Баратели на правото на азил, лице на кое му е признаено правото на азил, внатрешно раселено лице, како и раселено или прогонето лице кое на територијата на Република Македонија има престојувалиште,

• Странски државјанин, кој во согласност со меѓународните договори, без оглед дали на територијата на Република Македонија има престојувалиште или живеалиште, остварува негово право за кое е надлежен државен орган на Република Македонија,

• Лице без државјанство, кое законски престојува во Република Македонија и

• Државјанин на земја членка на Европската унија под услови и на начин утврден со овој закон.

*Правна работа за која се одобрува бесплатна правна помош*

Барањето за правната помош согласно со одредбите на овој закон се одобрува во сите судски и управни постапки, доколку со него се решава прашање од интерес за барателот на правната помош. Тоа се права од областа на социјалното, здравственото, пензиското или инвалидското осигурување, работните односи, заштитата на деца и малолетници, жртвите на семејното насилство, заштитата на жртвите од казниви дела, заштитата на жртвите од трговија со луѓе, признавање на право на азил и имотно-правните прашања.

*Остварување на правото на бесплатна правна помош*

Претходна правна помош даваат овластени службени лица во подрачните одделенија на Министерството и овластени здруженија на граѓани запишани во Регистарот на здруженија на граѓани за претходна правна помош.

По поднесено барање за бесплатна правна помош одлучува Министерството за правда.

Барањето за бесплатна правна помош се поднесува лично или преку пошта во 34 –те подрачни одделенија на министерството на пропишан образец кон кој се приложува и изјава за материјално-социјалната положба на подносителот на барањето и членовите на семејството со кои живее во заедничко домаќинство, како и согласност за увид во сите податоци за нивната имотна состојба.

Барањето се поднесува до подрачното одделение на чие подрачје подносителот има живеалиште.

По поднесеното барање Министерот за правда одлучува со решение со кое барањето ќе се одобри или ќе се одбие.

*Награда за дадена правна помош*

Средствата за обезбедување на бесплатна првна помош се обезбедуваат од Буџетот на Министерството за правда како посебна програма предложена од министерот, одобрена од Владата на Република Македонија, како и од донации и други приходи во согласност со закон

Наградата на адвокатот за дадена правна помош се пресметува согласно со трошковникот на адвокатот за обемот на извршената работа по секој предмет одделно, доставен до Министерството, а согласно со Тарифата за награди и надоместок на трошоците за работа на адвокатите намалена за 30%.

Надоместокот за трошоците на овластеното здружение на граѓани за дадена претходна правна помош се пресметува согласно со трошковникот за обемот на извршената работа по секој предмет одделно за кој е донесено решение за одобрена правна помош, доставен до Министерството, а согласно со Тарифата за надоместок на трошоците за работа на здруженија на граѓани за вршење на работи на претходна правна помош

*Денови на бесплатен правен совет*

Согласно на член 39 од законот, Министерството за правда во соработка со Адвокатската комора, Нотарската комора, Комора на медијатори и Комора на извршители квартално организира денови на бесплатен правен совет за сите граѓани за прашања од областа на медијацијата, адвокатурата,нотаријатот и извршувањето.

ИСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

*Надлежности на Министерството за правда*

- Одлучува по поднесените барањата за бесплатна правна помош,
- Води регистар на адвокати за правна помош,
- Води регистар за овластени здруженија за давање на претходна правна помош,
- Одлучува за исплата на надоместок на адвокатите и здруженијата за дадена правна помош,
- Врши надзор над работата на адвокатите и овластените здруженија на граѓани,
- Врши надзор над спроведување на законот,

- Поднесува Годишен извештај и
- Организира денови на бесплатен правен совет.

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ
(период 25.03.2011-31.03.2012)

*Поднесени барања за бесплатна правна помош*

До Министерството за правда преку подрачните одделенија поднесени се вкупно 154 барања за бесплатна правна помош .

| Подрачно одделение | Број на поднесени барања |
|---|---|
| 1 | 2 |
| БЕРОВО | 3 |
| БИТОЛА | 16 |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | 2 |
| ВАЛАНДОВО | 1 |
| ВИНИЦА | / |
| ГЕВГЕЛИЈА | 1 |
| ГОСТИВАР | / |
| ДЕБАР | / |
| ДЕЛЧЕВО | 2 |
| ДЕМИР ХИСАР | / |
| КАВАДАРЦИ | 6 |
| КИЧЕВО | 12 |
| КОЧАНИ | 1 |
| КРАТОВО | 7 |
| КРИВА ПАЛАНКА | 7 |
| КРУШЕВО | / |
| КУМАНОВО | 40 |
| НЕГОТИНО | 7 |
| ОХРИД | 4 |
| ПРИЛЕП | / |
| ПРОБИШТИП | 1 |
| РАДОВИШ | 7 |
| РЕСЕН | 5 |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | / |
| СТРУГА | 2 |
| СТРУМИЦА | 5 |
| ТЕТОВО | 5 |
| ВЕЛЕС | 1 |
| ШТИП | / |

| 1 | 2 |
|---|---|
| КАРПОШ-СКОПЈЕ | 9 |
| ЦЕНТАР-СКОПЈЕ | 7 |
| ГАЗИ БАБА-СКОПЈЕ | 10 |
| ЧАИР-СКОПЈЕ | 4 |
| КИСЕЛА ВОДА-СКОПЈЕ | 5 |

*Решени барања*

| | |
|---|---|
| Одобрени барања | 64 |
| Одбиени барања | 91 |
| Заклучок за запирање на постапка | 17 |
| вкупно | 172 |

*Правна работа за која е одобрена бесплатна правна помош*

Од 64 одобрени барања најголем е процентот на одобрени барања во постапка за решавање на имотно-правен спор, потоа следуваат заштитата на жртвите на семејно насилство и заштитата на деца и малолетници, додека другите области на социјалното осигурување и работните односи, се помалку застапени.

Одобрените барања се однесуваат на застапување и водење на судски постапки пред Основните судови во Република Македонија.

*Корисници кои го оствариле правото на бесплатна правна помош*

Правото на бесплатна правна помош го оствариле лицата од категоријата корисници на социјална помош; корисници на правото на инвалидски додаток, кои не остваруваат други приходи по основ на заработувачка или приходи од недвижности; корисници на најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него и семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток.

Лицата од категоријата на баратели на правото на азил, лице на кое му е признаено правото на азил, внатрешно раселено лице, како и раселено или прогонето лице кое на територијата на Република Македонија има престојувалиште; странски државјанин, кој во согласност со меѓународните договори, без оглед дали на територијата на Република Македонија има престојувалиште или живеалиште, остварува негово право за кое е надлежен

државен орган на Република Македонија;лице без државјанство, кое законски престојува во Република Македонија и државјанин на земја членка на Европската унија под услови и на начин утврден со овој закон, **сеуште не го искористиле правото на бесплатна правна помош.**

*Даватели на бесплатна правна помош*

Како даватели на претходна правна помош во регистарот запишани се четири овластени здруженија за давање на претходна правна помош:

- Македонското здружение на млади правници од Скопје,
- Младински Културен Центар од Битола,
- Национален ромски центар од Куманово и
- Ромската организација за мултикултурна афирмација РОМА С.О.С од Прилеп.

Како даватели на правна помош во управни и судски постапки запишани се 213 адвокати во Регистарот на адвокати за давање на правна помош.

*Обемот на средства исплатени како награда за дадена правна помош*

По овој основ извршена е исплата на шестмина адвокати за дадената правна помош за завршени постапки за кои е одобрена бесплатана правна помош.

Вкупниот износ на исплатени средства по основ на надомест на адвокати за дадена правна помош изнесува 30.750,оо денари.

*Обемот на вратени средства од наплатени трошоци во постапката за извршување*

Доверител односно должник за наплата на трошоците во постапка на извршување согласно Законот за извршување е Република Македонија, односно Министерството. Барањето за извршување го поднесува Министерството.

Вакви случаи во досегашната примена на законот се уште не се појавиле.

*Денови на бесплатен правен совет*

Деновите на бесплатен правен совет се организираа во 6 општини во Република Македонија и тоа на :

-07.09.2011 година во општините Кисела Вода и Студеничани

- 26.10.2011 година во општините Куманово и Липково, и
- 26.03.2012 година во општините Петровец и Арачиново

***

СТАТИСТИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Споредбен преглед на податоци за
периодот 07.07.2010г.-24.03.2011г. - периодот 25.03.2011г. -31.03.2012г.

| Податоци | 07.07.2010-24.03.2011 | 25.03.2011-25.03.2012 | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Поднесени барања | 118 | 154 | 272 |
| Решени барања | 74 | 172 | 246 |
| Одобрени барања | 29 | 64 | 93 |
| Одбиени барања | 42 | 91 | 133 |
| Заклучоци за запирање на постапка | 3 | 17 | 20 |
| Запишани адвокати | 202 | 11 | 213 |
| Регистрирани здруженија | / | 4 | 4 |